# Вашиот водич за временски забрани за камиони во внатрешниот западен дел

## 1. Somerville Road

**Помеѓу Geelong Rd и Whitehall St:**
Забранетo за камиони од 8 навечер до 6 наутро во работни денови и од 1 ноќе во сабота до 6 наутро во понеделник.

Забранетo за камиони од 8 до 9.30 наутро и од 2.30 до 4 попладне од понеделник до петок (само во училишни денови).

Забранетo за A или B-double камиони или PBS truck-and-dog комбинации, 24 часа дневно, седум дена во неделата. За возила со прекумерни димензии и маса (over size over mass) дозволено со известување во Gazette. Важат горните временски забрани (curfews).

## 2. Francis Street

**Помеѓу Cemetery Rd и Whitehall St:**
Забранетo за камиони од 8 навечер до 6 наутро во работни денови и од 1 ноќе во сабота до 6 наутро во понеделник.

Забранетo за камиони од 8 до 9.30 наутро и од 2.30 до 4 попладне од понеделник до петок (само во училишни денови).

За некои камиони кои сообраќаат по Francis St, вклучително некои цистерни, временските забрани не важат. Повеќе детали на следната страница.

## 3. Moore Street

Забранетo за камиони од 8 навечер до 6 наутро во работни денови и од 1 ноќе во сабота до 6 наутро во понеделник.

Временската забрана не важи за камиони од бизниси што оперираат од прогласени индустриски зони во Brooklyn и Tottenham кои се изземени со известување во Gazette. За повеќе детали во поглед на границите на прогласената индустриска зона, **притиснете тука.**

## 4. Hyde Street

**Северно од Francis St:** Забранетo за камиони 24 часа дневно, седум дена во неделата.

**Јужно од Francis St:** Забранетo за камиони од 8 навечер до 6 наутро во работни денови и од 1 ноќе во сабота до 6 наутро во понеделник. Камиони, како што се цистерни, кои сообраќаат по Hyde Street по работа по маршрута со временска забрана, се изземени од временската забрана.

Некои камиони што сообраќаат по Hyde Street, вклучително камиони што опслужуваат локални бизниси, се изземени од временската забрана. За повеќе поединости видете на следната страница.

## 5. Whitehall Street

**Помеѓу Francis St и Somerville Rd:**
Забранетo за камиони од 8 навечер до 6 наутро во работни денови и од 1 ноќе во сабота до 6 наутро во понеделник.

## 6. Williamstown Road

Високопродуктивни товарни возила (High Productivity Freight Vehicles) може да сообраќаат на Williamstown Rd помеѓу Francis St и Geelong Rd со дозвола. Пристапот се одобрува со поединечно разгледување на случаите (case by case basis).

## 7. Napier Street

Мостовната конструкција има пропустна височина (height clearance) од 4 метри во источната насока и 4 метри во западната насока. Камиони што носат контејнери од 9 стапки 6 инчи (9 foot 6 inch) не можат да поминат под овој мост.




VICTORIA State Government | Department of Transport

# Камиони и внатрешниот западен дел

Близината на внатрешниот западен дел до пристаништето и голем број складишта и бизниси за логистика во областа создаваат голем обем на сообраќај на тешки возила.

За да се намали влијанието на овие возила врз локалната заедница, на локалните улици во внатрешниот западен дел од 2001 се применуваат временски забрани и забрани во поглед на масата (time and mass-based curfews).

## Појаснување на временските забрани

За да ги појасниме постоечките временски забрани, соработуваме со локалната управа, индустријата и заедницата.

Дополнителни сообраќајни знакови беа поставени на клучни патни правци за да ги известат возачите на камиони каде и кога може да минуваат низ внатрешниот западен дел на градот.

Министерството за транспорт (DoT) разгледува натамошни мерки на контрола и надгледување, за да се обезбеди постојана безбедност и удобност на локалната заедница.

Со завршувањето на West Gate Tunnel ќе се воведат натамошни забрани за камиони.

## Спроведување

Временските забрани за камиони ги надгледува и применува National Heavy Vehicle Regulator (NHVR).

За непочитување на знакот ‘no trucks’ (забранeто за камиони) се издава казна на лице место (Road Rule 104).

DoT тесно соработува со транспортната индустрија и локалните бизниси за да ги подучи и информира за временските забрани и алтернативните маршрути.

На локалните улици и соседната патна мрежа се поставени знаци за возачите да знаат за временските забрани и за да им се овозможи да ги планираат патувањата.

## За кои возила важат временските забрани?

Камион (truck) е дефиниран како возило со вкупна тежина поголема од 4,5 тони, конструирано да носи товар. Временските забрани не се однесуваат на возила како што се автобуси, каравани, кранови или пумпи за бетон.

## Дали има исклучоци?

Возач на камион не смее да помине после знакот ‘no trucks’ (Road Rule 104), освен ако:

- одредиштето на камионот е зад тој знак; и
- целта е да се натоварат или растоварат добра и нема друга маршрута до тоа одредиште; или
- на други маршрути до одредиштето исто така има знак ‘no trucks’.

## Пријавување на прекршоци

Кршењето на сообраќајните правила (на пример, пребрзо возење, невнимателно возење, пијан возач) треба да биде пријавено на викториската полиција.

Кршењето на временските забрани, вклучително возила што чадат или се бучни, треба да бидат пријавени на NHVR на телефон 13 NHVR.

## Повеќе информации

На викториската **мапа на временски забрани за камиони** се прикажани патиштата во Викторија на кои важат ограничувања во поглед на времето и масата.

Информации за одобрени, условно одобрени и ограничени патишта за поедини типови на тешки возила може да се најдат на **https://www.vicroads.vic.gov.au/business-and-industry/heavy-vehicle-industry/heavy-vehicle-map-networks-in-victoria**

**VicTraffic** издава актуелни и краткотрајни затворања на улици и патишта, сообраќајни предупредувања, работи на патиштата и заобиколувања.

Информации за улогата на спроведување од страна на NHVR може да се најдат на **https://www.nhvr.gov.au/safety-accreditation-compliance/on-road-compliance-and-enforcement/enforcement-roles-and-activities**

**Веб-страницата на DoT** содржи информации за проекти на трансформација кои го менуваат начинот на кој луѓето и добра се движат низ внатрешниот западен дел.

| Опис | | Маса и димензии | Услови за пристап* |
|---|---|---|---|
| Приколка-платформа |  | Должина до 42 метри, широчина и височина 6 метри, 205 тони | Потребна е дозвола. Нема пристап во Somerville Rd помеѓу Whitehall St и Geelong Rd. |
| Прекумерна големина и маса |  | Должина до 30 метри, широчина и височина 5 метри, 100 тони | Потребна е дозвола за Buckley St и Napier St |
| PBS ниво 2B/3A |  | Должина 26-36,5 метри, 68,5-85,5 тони | Потребна е дозвола за Williamstown Road помеѓу Francis St и Geelong Road, за Francis St помеѓу Williamstown Rd и Cemetery Rd, и за Buckley St, и за Moore St. |
| B-double<br>Камион што влече PBS „dog приколка“ со 3, 4, 5 или 6 оски |  | Должина 19-26 метри, 68,5 тони | Нема пристап во Somerville Rd помеѓу Whitehall St и Geelong Rd. |
| Шлепер (semi-trailer)<br>Камион што влече „dog приколка“ со 3 или 4 оски |  | Должина до 19 метри, 45,5 тони | Важат временски забрани. |
| Обичен камион (Rigid truck) |  | Должина до 12,5 метри, 31 тон | Важат временски забрани. |

*Забранет пристап во Hyde St северно од Francis St за сите камиони во секое време доколку за нив не важат исклучоци. За повеќе детали видете погоре.